**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**Број 11-365/4**
**Скопје, 20.06.2005 година**

**СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Секретаријат за законодавство за 2004 година, кои се прикажани на страните 3 и 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија и член 556 од Законот за трговски друштва.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Секретаријат за законодавство за 2003 година.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   -Елена Малинкова – Секретар на Секретаријатот за законодавство

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните од 1 до 2, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 15.04 до 25.04.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   - Бранислав Гулев, помошник главен државен ревизор,
   - Доста Скендерова, овластен државен ревизор,
   - Соња Камбовска, ревизор,

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:
   - дали финансиски извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои преставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на

користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

**10.1. Неправилности во искажување на билансните позиции**

10.1.1. Ревизијата констатира дека позициите Залиха на материјали и Останат капитал (залиха на материјали) во Билансот на состојба не се реално прикажани поради неевидентирани набавки во текот на годината во износ од 94 илјади денари.

10.1.2. Позициите Материјални средства и Државен – Јавен капитал во Билансот на состојба не се реално прикажани поради неевидентирани книги во библиотеката.

10.1.3. Позициите Други активни временски разграничувања, Краткорочни обврски за плати и Обврски спрема добавувачите не се реално прикажани поради невкалкулирани бруто плати и неевидентирани обврски за телекомуникациски сообраќај за месец декември 2004 година во вкупен износ од 550 илјади денари.

**Препорака**

Одговорното лице во сметководството да ги применува одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и тоа:

- набавените материјалите да се евидентираат на залиха;
- обврските да се евидентираат при нивното настанување и
- да се изврши попис на книгите во библиотеката и истите да се евидентираат во Билансот на состојба.

11. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 10.1 финансиските извештаи на Секретаријатот за законодавство, реално и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности за фискалната 2004 година.

12. Според наше мислење, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции.

13. Прифатени и корегирани неправилности во искажување на билансните позиции во текот на ревизијата:

    Ревизијата констатира неправилности при вршењето на попис на средствата и нивните извори со состојба на 31.12.2004 година, односно извршен е само физички попис кој не е усогласен со сметководствената евиденција. Во текот на ревизијата Пописната комисија изврши усогласување на фактичката со сметководствената евиденција согласно Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

14. Не се преземени мерки од страна на субјектот по основ на препораките и мерките на ревизорскиот извештај на финансиските извештаи за 2003 година.

**Скопје, 22/06/2005 година**

**Овластен државен ревизор**
**Бранислав Гулев**



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

## СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1 | 7,163 | 6,492 |
| **Вкупно приходи** | | **7,163** | **6,492** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1 | 5,693 | 5,480 |
| Стоки и други услуги | 3.2.2 | 1,346 | 1,012 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **7,039** | **6,492** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.3.1 | 119 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **119** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **7,158** | **6,492** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **5** | **0** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **5** | **0** |

Образложенијата дадени од страна 6 до 12 се составен дел на финансиските извештаи


*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

*Овластен Државен ревизор*
-----------------------------

## СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО
## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања од вработените | 4.1.1 | 5 | 2 |
| Залихи | 4.1.2 | 10 | 10 |
| **Вкупно тековни средства** | | **15** | **12** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1 | 2,452 | 139 |
| **Вкупно постојани средства** | | **2,452** | **139** |
| **Вкупна актива** | | **2,467** | **151** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.1 | 5 | 2 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **5** | **2** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4 | 2,462 | 149 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **2,462** | **149** |
| **Вкупна пасива** | | **2,467** | **151** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

## СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА

000 ден

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал -залихи на материјали | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **139** | **10** | **149** |
| **Зголемување по основ на:** | **3,234** | **-** | **3,234** |
| Преотстапени основни средства | 3,115 | - | 3,115 |
| Набавки во текот на годината | 119 | | 119 |
| **Намалување по основ на:** | **921** | **-** | **921** |
| Амортизација | 921 | | 921 |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **2,452** | **10** | **2,462** |

Образложенијата дадени од страна 6 до 12 се составен дел на финансиските извештаи



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

*Овластен Државен ревизор*

-----------------------------